РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria
Бр./Nr 09-1562/6
23-11-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 и член 76 став 2 алинеја 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), постапувајќи по пријава од познат подносител, на 41 та седница, одржана на ден 11.11.2020 година ДКСК донесе

## ОДЛУКА

Наводите од пријавата против лицето ------, претседател на Советот на Општина ----- се основани.

Имено, службеното лице спротивно од член 73 став1 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси учествувал во расправа на Седници на Советот на Општина -------- на кои се одлучувало за работи поврзани со детска градинка каде истото лице има засновано работен однос, без притоа да побара да биде изземен од расправата и одлучувањето, по што ДКСК поведе прекршочна постапка против истото лице.

---------, претседател на Советот на Општина ----------- во законски предвидениот рок ја плати глобата по издадениот прекршочен платен налог, па затоа постапката за утврдување судир на интереси против истиот СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино натамошно надлежно постапување по предметот со број 09-2609/1 од 06.05.2019 година.

Предметот со број 09-2609/1 од 06.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

## Образложение

Предметот со број 09-2609/1 од 06.05.2019 година е оформен врз основа на добиена претставка по електронска пошта од -------, во која подносителот наведува дека претседателот на Советот на Општина ----- , --------- е вработен во детска градинка која е под надлежност на Општина --------.

Државната комисија за спречување на корупцијата со цел утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во претставката, до Советот на Општина -------- достави барање за обезбедување документација во однос на тоа, дали претседателот на Советот на Општина --------, ------------ е вработен во јавна установа детска гардинка во Општина ------- и дали истиот се изземал од расправа на седници на Советот на Општина ------- кога се разгледувале прашања или се одлучувало за истата градинка. Во законски утврдениот рок претседателот на Советот на Општина ----------, ----- ги достави бараните податоци, при што ДКСК ја утврди следната состојба:

---------, на Локалните избори одржани во 2017 година, е избран за член на Советот на Општина --------, а подоцна и за претседател на истиот совет. Исто така, истиот е вработен во ЈУДГ --------- на работно место Техничко лице – хаус мајстор од 01.07.2018 година.

--------, учествувал во расправа и не се изземал од гласање на седници кога се расправало за прашања поврзани со ЈУДГ ----------, бидејќи немало забелешки од страна на другите членови на Советот на Општина -------- и приговори за да постапи на тој начин, по што истото е потврдено со приложените записници од повеќе седници на Советот на Општина -----------. Исто така, во дописот доставен од страна на Советот на Општина -------- наведено е дека после добиеното Барање доставено од страна на ДКСК од 09.03.2020 година, на наредната седница на Советот на Општина -------- одржана на 13.03.2020 година, кога имало точка на дневен ред за ЈУДГ --------, ---------- се изземал од гласање по точката и во иднина ќе продолжи да постапува на тој начин.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи дека -------, претседател на Советот на Општина -----------постапил спротивно од член 73 став1 и член 75 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, учествувал во расправа на орган во кое се одлучувало за работи за кои тоа лице има приватен интерес, по што не го пријавил постоењето на приватниот интерес и не се изземал од самата расправа и одлучувањето. Имено, кога службеното лице ќе дознае за околностите што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, должно е веднаш да побара да боде изземено и да запре со своето постапување.

Поради утврдената повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата до ---------- достави прекршочен платен налог на ден 01.09.2020 година, по што истиот изврши уплата на половина од изречената глоба во законски предвидениот рок од осум дена и достави доказ за истото до ДКСК на ден 09.09.2020 година.

На седницата одржана на ден 11.11.2020 година, по разгледување на сите предметни наводи, изречената глоба за прекршок на наведените одреби од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси на лицето -------, претседател на Советот на Општина ----------- и негово постапување, ДКСК констатира дека нема законски основ за понатамошно превземање на мерки и активности согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок на ДКСК,
Изработил: К.З., советник
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК